2011033794

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1 б), член 54 став 1 точка 5 и 7 и член 56 став 1 точка 14 Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010 и 156/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 17 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО-КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА-АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010 и 171/2010), во член 2, делот од табелата со референтни цени за пакети на здравствени услуги за очната медицина, се заменува со следната табела:

Шифра	НАЗИВ НА ПАКЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ	Референтна цена
1	2	3
AOM1	Основен офталмолошки пакет	380
AOM2	Дијагностички и терапевтски постапки за третман на помошен, солзен апарат и преден сегмент	400
AOM3	Одредување на рефракција на очи	650
AOM4	Одредување на рефракција на очи со контактни леќи	950
AOM5	Основен пакет за глауком	520
AOM6	Проширен пакет за дијагностика на глауком	1,000
AOM7	Ласерски третман на очи	1,100
AOM8	Пакет за преглед на заболувања на задниот сегмент на очите	600
AOM9	Проширен пакет за преглед на заболувања на задниот сегмент на очите и очниот нерв	1,000
AOM10	Проширен пакет за преглед на заболувања на задниот сегмент на очите и очниот нерв со дијагностика	1,550
AOM11	Пакет за решавање на рефракциски аномалии кај деца до 14 години и пореметување на мотилитетот	700
AOM12	Пакет за решавање на рефракциски аномалии кај деца до 14 години, пореметување на мотилитет и нивен третман	4,900
AOM13	Пакет за третман кај повреди на очи и аднекси	800

Во табелата, по пакетот АСК16, се додава следната табела:

Шифра	НАЗИВ НА ПАКЕТИ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ	Референтна цена
АТМ1	Токсиколошки пакет	1,700

Член 2

Во Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко - консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 122/2010 и 154/2010), во член 2 став 2, датумот „01.01.2011“ се заменува со датумот „01.06.2011“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-2503/13
17 февруари 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ирфан Хоџа, с.р.